# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 октомври 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Есад Рахиќ, Славица Грковска, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Силвана Бонева, Владимир Ѓорчев, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Тахир Хани, Даут Реџепи, Флора Кадри, Агрон Буџаку, Верица Филипова, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски и Абдуладi Вејсели, Тале Герамитчиоски и Горан Мицовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинставото пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има ли некој против оваа констатација?

Нема, благодарам.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 73 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 72 пратеници, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1: - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Благодарам претседателе.

Најпрво, би сакал да ви се заблагодарам за итноста со која што Парламентот ја постави точката на дневен ред. Инаку, станува збор за упратување на медицински персонал на Армијата на Република Македонија во рамките на мировната мисија Алтеа, водена од Европската унија.

Целта на упатување на мисијата, односно медицинскиот тим е во изразениот повеќемесечен недостиг односно дефицит за вршење на медицински услуги во кампот “Бутмир” во Сараево. Во таа насока, имајќи го предвид нашиот придонес и кон мисијата Елтеа, меѓутоа и генерално како држава имајќи ја предвид нашата стратешка определба за учество во операциите на мирот, Министерството за одбрана а согласно со тоа и Владата предлага да се упати медицински тим во состав од двајца доктори, тројца медицински техничари, двајца болничари, двајца возачи на амбулантни возила за вршење на услугите од така наречениот РОЛ - 1 што значи за вршење на прва помош и примарна здравствена заштита. Имајќи предвид дека медицинскиот тим кој што претходно беше во кампот “Бутмир” а даваше услуги на 1500 војници во самиот камп кои сочинуваат 20-25% од целокупната мисија на Европската унија, словенечкиот тим се повлече пред неколку месеци па очигледно таму веќе има изразен дефицит на давање медицинска помош од примарната медицинска помош.

Во таа насока, сметајќи го досегашниот углед и позицијата на Република Македонија да учествува во вакви операции, имајќи предвид дека Армијата, односно конкретно Воената болница има декларирано персонал за учество во вакви мисии, кој е слободен, ние изразивме најнапред став дека треба да ужествуваме, а тоа наиде навистина на извонреден прием во командните структури како во Европската унија, а знаете дека главниот командант на мисијата на Европската унија Алтеа е всушност заменик командантот на европското крило на НАТО, командантот Џон Рид.

Во таа насока го предлагаме до Парламентот овој Предлог и Ве молиме да ја усвоите одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Не оспорувајќи ја потребата од ова, би сакал министерот за одбрана, ако е во можност, да даде две нотификации во Парламентот во врска со ова, со оглед на образложението дека една членка на Европската унија се повлекува, на чие место одиме ние. Дали постојат некои причини за нивното повлекување што се суштински, поради што ние треба да одиме или се работи за техничко повлекување од причини поради кои што се праќа нашиот тим?

Второто, за мене е посуштинско, знаеме дека согласно Планот за придружување во НАТО, Република Македонија од 2007 година ќе изврши дистинкција на средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија за мисиите што Република Македонија ги праќа во странство како своја надворешна политика, а не како своја одбранбена политика, што би требало да се реалоцираат од Министерството за одбрана во некоја друга позиција, претпоставувам или Собранието или Владата. Во нашиов случај претпоставувам дека Собранието ќе биде порелевантно затоа што Собранието носи одлука за упатување на сили а не Владата, предлогот само доаѓа од Владата.

Со оглед дека овде во точката 3 стои дека средствата ги обезбедува Република Македонија, не стои од каде тие ќе се обезбедат? Претпоставувам, од досегашната пракса, дека е тоа Министерството за одбрана.

Меѓутоа, во тоа е и моето прашање, со оглед дека мисијата ќе трае шест месеци, а тоа ќе ја надмине календарската 2006 година и ќе завлезе во 2007 година, каде што средствата ќе се реалоцираат во некој друг раздел, со што на индиректен начин средствата за одбрана во Република Македонија повторно ќе се зголемат. Товарот на Министерството за одбрана ќе го снема од овие операции, а ќе го превземе некој друг. Тие средства, сите знаеме, нема да се намалат заради процентуалното ограничување што постои во Акциониот или, како се вика, Одбранбен план за придружување кон НАТО.

Ме интересира дали овие средства ќе ги обезбедува Министерството за одбрана или во 2007 година ќе ги обезбедува Собранието или Владата и дали Владата останува на концепцијата дека мировните мисии што ги финансира Република Македонија во странство, вклучувајќи ја и Алтеа, меѓутоа и други 2-3 што ги имаме, во овој случај две, ќе останат под финансиската капа на Министерството за одбрана или Владата од 1 јануари 2007 година ќе ги префрли и во кој раздел има намера да ги префрли, затоа што тоа се средства што, според мое уверување или мои сознанија од времето кога бев министер, а кое време не е далечно, би требало да достигнат некаде околу 300 милиони денари.

Ако може оваа информација да ја добиеме затоа што оваа одлука веќе влегува во друга буџетска година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министре дали барате збор?

**Лазар Еленоски:** Најпрво, повлекувањето на словенечкиот медицински тим кој е повлечен пред 2-3 месеци, не би навлегувале во посебните причини за неговото повлекување, во секој случај не станува збор за повлекување поради некаква, еве да тргнеме од наш аспект, нарушување на безбедноста во самиот дел на Босна и Херцеговина или конкретно таму каде ќе биде упатен медицинскиот тим, поточно околината на Сараево.

Вие знаеде дека во Босна и Херцеговина безбедносната состојба е стабилна особено имајќи ги предвид последните избори во Босна и Херцеговина што навистина поминаа во ред. А, дополнително, Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, меѓу 27 и 29 септември оваа година упати тим на извидување во кој што, покрај останатите работи, пред се кога зборуваме за безбедносната состојба, заклучокот беше дека состојбата е мирна и стабилна во таа насока. Така што, мислам дека од наш аспект останува дали ние ќе се јавиме, имајќи предвид дека сме пред вратите на НАТО и сме зачекориле длабоко во целокупниот процес на интеграција во НАТО и Европската унија, дали ние дополнително ќе се јавиме со една ваква иницијатива што мислам дека не би предизвикала дополнително загрозување на нашиот персонал, на нашите луѓе таму.

Инаку, дополнително да одговорам на второто прашање, Буџетот на оваа мисија е околу 11.917.000 денари, околу 200 илјади евра, грубо. Тоа е за шестмесечен ангажман и сите овие средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за одбрана. Меѓутоа, точно е дека останува интенцијата како и во државите на НАТО, државите каде што се нашите сојузници дека буџетот за мировните мисии треба да се обезбедува од Буџетот на Владата, што како интенција веќе ја започнавме процедурата.

Меѓутоа, конкретно, кога станува збор за оваа мировна мисија, одговорот е дека тие ќе бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за одбарана како за ноември и декември, така и за наредните 4 месеци во 2007 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор побара господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Би сакал да ја изразам поддршката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата “За подобра Македонија” на Предлогот на Владата и би сакал тоа кратко да го образложам.

Сметаме дека одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во мисијата Еуфор Алтеа во Босна и Херцеговина и понатаму ги продлабочува, она што се нарекува евроатлански аспирации на Република Македонија и уште повеќе дава реален придонес на она што се вели поддршка на мисиите што ги има не само НАТО, туку во случајов и Европската унија, заради тоа што ова претставува мисија што првенствено ја извршува Европската унија и што практично претставува пионер во она што се нарекува европска одбранбена политика.

Би сакал да го изразам и личниот став и ставот на пратеничката група дека се надеваме во иднина Армијата дека ќе изгради уште посилни капацитети што ќе овозможат уште поголемо присуство на нашите луѓе не само во Босна, туку во Авганистан и во Ирак, и на другите места каде што има потреба, а уште повеќе ова го правиме не само поради тоа што сметаме дека е потребно во насока на интегрирањето на земјата во НАТО и Европската унија, туку заради тоа што веруваме во концептот, односно во идеолошката основа што ја имаат овие мисии. На крајот, се надевам дека Босна и Херцеговина се помалку ќе има потреба од луѓе кои ќе додаѓаат од страна, дека се помалку ќе има потреба од вакви мисии и дека државата што е во нашето блиско опкружување ќе успее да изгради капацитет како што Република Македонија изгради од увозника на мирот, да стане извозник на мирот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 71, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со Шестата седница.

Благодарам на соработката.

(Седницата заврши со работа во 17,21 часот)